ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Законот за државјанството на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 67/92 и 8/2004), членот 7-а се менува и гласи;
“Државјанство на Република Македонија со природување може да стекне лице без државјаиство или со признат статус на бегалец, ако од утврдувањето на без државјанството, односно признавањето на статус на бегалец до поднесувањето на барањето за прием во државјанство, законски и постојано живее на територијата на Република Македонија најмалку шест години, да не бил казнуван во Република Македонија со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Македонија, против него да не се води кривична постапка во Република Македонија и ако ги исполнува условите од членот 7 став 1 точки 1, 3, 6, 7, 8 и 9 на овој закон.”

**Член2**

Во членот 17 став 1 точката 2 се брише.
Точката 3 која станува точка 2 се менува и гласи:
„2) да ги намирило имотно-правните обврски спрема државните органи;”.
Точките 4, 5, 6 и 7 стануваат точки 3, 4, 5 и 6.
Ставот 2 се брише.
Ставот 3 станува став 2.
Во ставот 4 кој станува став 3 бројот „3” се заменува со бројот „2”,
Ставот 5 станува став 4.

**Член3**

Во членот 24 зборовите: „Законот за матичните книги” се заменуваат со зборовите: „Законот за матичната евиденција”.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен весник на Република Македонија“